20080641129

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 16.05.2008 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ГИНЕКОЛОШКО-АКУШЕРСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени на здравствените услуги од областа на биомедицинско потпомогнато оплодување, кои како специјалистичко-консултативни здравствени услуги се на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија на здравствените установи им ги плаќа здравствените услуги од областа на биомедицинско потпомогнато оплодување по цена од 80.000,00 денари по завршена услуга.

Цената од став 1 се однесува на услугите дефинирани со Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, и тоа за:

Вонтелесно оплодување преку:

- спојување јајце клетки и сперматозоиди надвор од телото на жената и внесување во половите органи на жената и
- внесување ембриони во половите органи на жената.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-6330/4
16 мај 2008 година
Скопје

Управен одбор
заменик на претседателот,
Снежана Костадиноска Милошеска, с.р.